# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА НА ДРУШТВОТО ЗА ИЗГРАДБА, УПРАВУВАЊЕ И ИЗДАВАЊЕ НА ПОВЕЌЕНАМЕНСКА САЛА БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ СКОПЈЕ

Друштво за изградба,управување и издавање на повеќенаменска сала БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ
Бр. 01 - 206/2
05 . 05 2021 год.
СКОПЈЕ

мај, 2021 година

**Предговор**

Корупцијата е глобален предизвик со кој се соочуваат сите земји, без оглед на нивниот степен на развиеност или државно уредување. Затоа, земјите ширум светот постојано вложуваат напори за да ја подигнат свеста за корупцијата и за нејзините влијанија врз граѓаните.
Корупцијата освен што го нарушува процесот на носење одлуки навлегува во сите пори на оштествениот развој. Имено, социјалните, правните и економските сегменти на развојот се меѓусебно поврзани, па затоа појавата на корупција во еден сегмент значително влијае врз развојот на сите останати. Таа претставува сериозна пречка за ефективно и ефикасно владеење, раст и стабилност, а за справување со овој предизвик потребни се значителни чекори на локално и глобално ниво.

- ***Листа на поими***

**Корупција:** Законот за спречување судир на интереси ја дефинира корупцијата како "злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба заради остварување корист, директно или преку посредник, за себе или за друг".

Притоа, под овој поим се опфатени и поимите:

- **пасивна корупција** – намерно делување на службено лице, кое директно или преку посредник, бара или прима корист од каков било вид, за себе или за трето лице, или прифаќа ветување на ваква корист, со цел да делува или да се воздржува од делување во согласност со своите обврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на службените обврски и

- **активна корупција** – намерно делување на кое било лице кое директно или преку посредник, ветува или дава корист од каков било вид на службено лице, за него или за трето лице, со цел да делува или да се воздржува од делување во согласност со неговитеобврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на службените обврски.

**Јавен интерес:** иако не постои единствена законска формулација застапена во сите прописи, прифатеното толкување е дека под јавен интерес се подразбираат сите права и обврски на граѓаните и правните лица во државата кои како такви се утврдени и гарантирани со Уставот и Законите во една држава како и ратификуваните меѓународни договори.
Притоа, јавниот интерес, онака како што е дефиниран во Законот за спречување судир на интереси, претставува " заштита на основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати со меѓународното право и утврдени со Уставот на Република Северна Македонија, спречување на ризиците за здравјето, одбраната и безбедноста, заштита на животната средина и на природата, заштита на сопственоста и на слободата на пазарот и претприемништвото, владеење на правото и спречување на криминалот и корупцијата".

**Приватен интерес:** материјален или нематеријален интерес на службеното лице што може да влијае врз неговото одлучување при вршењето на јавните овластувања и должности.

**Судир на интереси:** состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности.

**Ризик од корупција:** кој било вид на внатрешна или надворешна слабост или постапка која преставува можност за појава на корупција во рамките на државни органи, јавни препријатија и други институции од јавниот сектор и кој ги вклучува прашањата за судир на интереси, неспоивост на функции, примање подароци и други нелегални плаќања, лобирање, недостаток на систем за заштита на укажувачи, измами, несоодветно користење на овластувањата, дискрециони овластувања, финансирање на политички партии и кампањи спротивно на Закон, тргување или недозволено користење на информации, транспарентност на постапки и документи и други прашања од значење за интегритетот.

**Интегритет:** законито, независно, непристрасно, етичко, одговорно и транспарентно вршење на работи со кои службените лица го чуваат својот углед и угледот на институцијата во која се одговорно лице, односно се вработени, ги елиминираат ризиците и ги отстрануваат сомневањата во можноста од настанување и развој на корупција и со тоа обезбедуваат доверба кај граѓаните во вршењето на јавните функции и во работата на јавните институции.

**Непотизам:** во најширока смисла се дефинира како "влијание на семејните и роднинските врски при донесување на одлуки за вработување и склучување на јавни (управни) договори (најчесто во постапките за јавни набавки и издавање на дозволи)".

**Клиентелизам:** давање привилегии или придобивки на клиентот во замена за услуги, придобивки или во политички контекст, гласови.

**Кронизам:** најчесто опфаќа ситуации во кои се претпочитаат пријатели или соработници, без оглед на тоа колку се соодветни. Најголема веројатност за појава на кронизам има во контекст на именувања, но може да се појави и во која билоинстанца кога се практикуваат дискреционите права.

- **Вовед**

Како резултат на заложбите на Владата на Република Северна Македонија во борбата против корупцијата, Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје го донесе овој план за спречување на корупција, кој има за цел да ги олесни напорите и заложбите во борбата против корупцијата, да придонесе кон нејзино искоренување и да спречи нејзина понатамошна појава, да обезбеди непречен развој на владеење на правото, како и да обезбеди квалитетна, ефективна и ефикасна служба, целосно ослободена од коруптивни практики.
Годишниот план за спречување на корупцијата за 2021 година на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје е еден од клучните документи на Друштвото кој придонесува во спроведување на генералната политика на Владата на Република Северна Македонија за борба против корупцијата и нулта толеранција при злоупотреби.
Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје презема обврска за спроведување на политика на нула–толеранција кон корупцијата, се

обврзува да постапува професионално и чесно, со интегритет и да имплементира систем на заштита од мито и корупција.

Секој вработен во Друштвото, независно од работната позиција на која се наоѓа е должен своите работни задачи да ги извршува навремено, ефикасно и со целосна посветеност согласно законските прописи кои ги вклучуваат Кривичниот Законик, Законот за спречување на судир на интереси, Законот за спречување на корупцијата, Законот за заштита на укажувачите и подзаконските акти донесени врз основа на истите, како и другите позитивноправни прописи, а врз основа на најдобрите деловни практики и највисоките професионални стандарди.

Друштвото БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје поттикнува анонимно пријавување на случаите на корупција. Сите информации кои се однесуваат на пријавување на потенцијална корупција, ќе бидат проследени со посебно внимание и истите навремено и целосно ќе бидат доставени до надлежните државни органи.

Друштвото нема да има селективен пристап во поглед на пријавите за корупција, како и кон било кои пријави за било кое незаконито однесување, а истото е посветено кон примена на највисоките стандарди на отвореност, интегритет и одговорност.

Својата дејност ја извршува одговорно и отчетно, врз основа на Законите.

- **Цели, резултати и клучни индикатори за успех**

Генералната цел, специфичните цели, крајни резултати и клучни индикатори се дефинирани врз основа на опсегот на областите на делување преку активностите на одделните работни единици.

Генерална цел: Друштво без случаи на корупција и конфликт на интереси.

Специфични цели: постапување во согласност со Уставот и законите, професионално и непристрасно постапување од секое вработено лице, секое избрано или именувано лице на функција, како и евентуално избегнување на судир на интереси.

Крајни резултати: Висок углед, интегритет и професионалност во извршувањето на надлежностите во рамките на овластувањата.

Клучни индикатори за успех:

- 0 (нула) случаи на корупција,
- 0 (нула) случаи на конфликти на интереси,
- 0 (нула) случаи на ревизорски наоди за постоење сомнежи и/или случаи на корупција и
- високо ниво на отчетност при користењето на средствата на ниво на Друштвото.

- **План за спречување на корупцијата**

Вршењето на задачите и реализацијата на целите на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје е во непосредна врска со преземањето на соодветни мерки кои се насочени кон отстранување на разните видови на коруптивно однесување кои

би можеле да се појават во најразлични форми како што е неморално и неетичко однесување, судир на интереси, непотизам и сл.

Во таа насока потребно е да се изврши идентификација на ризичните области, како и воспоставување на алатки и контролни механизми за надминување на детектитаните ризични области, со предлог решенија кои ќе придонесат во превенирањето, спречувањето или намалувањето на ризиците на корупција при спроведување на работните задачи на Друштвото кои се утврдуваат со овој Годишен план за спречување на корупција.

Активностите врз основа на кои се заснова Годишниот план за борба против корупцијата на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје се во согласност со препораките доставени од страна на Владата на Република Северна Македонија:

1. Изготвување на анализа за ризични области за корупција во рамките на делокругот на работење на државните органи како и детектирани недостатоци во Законите,
2. Идентификување на причините, условите и факторите кој ја овозможуваат корупцијата,
3. Воспоставување на алатки и контролни механизми за надминување на детектираните ризични области,
4. Јакнење на капацитетите на институциите со особен акцент на јакнење на интегритетот на вработените,
5. Навремено постапување во врска со остварување на потребните услуги кон правните и физичките лица,
6. Почитување на законските прописи, Кодексот за етичко однесување на членовите на Владата на Република Северна Македонија и носителите на јавните функции именувани од страна на Владата на Република Северна Македонија, како и кодексот за административни службеници,
7. Зајакнување на довербата на граѓаните кон институциите и мотивирање да пријават корупција,
8. Зајакната контрола и надзор на јавни набавки,
9. Зајакнување на меѓуинституционалната соработка и соработка во борбата против корупцијата преку платформата Интеробребилност и
10. Јакнење на алатките за отчетност и транспарентност во работењето на министерствата и органите на државната управа.

**1.Изготвување на анализа за ризични области за корупција во рамките на делокругот на работење на државните органи како и детектирани недостатоци во Законите**

Области каде најчесто постои ризик за појава на корупција при работењето на Друштвото БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје се:

- Постапки за јавни набавки,
- Постапки за вработување и
- Постапки за преземање на финансиски обврски и финансиска дисциплина.

**2. Идентификување на причините, условите и факторите кој ја овозможуваат корупцијата**

- **Постапки за јавни набавки**

Главни елементи, односно причини кои претставуваат ризик за појава на корупција во постапките за јавни набавки се:

- Активна корупција,
- Пасивна корупција и
- Судирот на интереси

Јавните набавки се една од најзначајните области кои се спроведуваат на централно и локално ниво, помеѓу институции од јавниот сектор, како и помеѓу институции од јавниот сектор со деловни ентитети од приватниот сектор.

Јавните набавки во Друштвото БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје се спроведуваат во целосно јавна и транспарентна постапка преку електронскиот систем за јавни набавки согласно Законот за јавните набавки, врз основа на претходно донесен Годишен план за јавни набавки.

**Ризик од појава на корупција во јавните набавки**

- Број на промени на планот за јавни набавки во текот на годината

Бројните промени на планот за јавни набавки, вклучително и зголемување на вредноста се индикација на лошо планирање и менаџирање на јавните пари. Одредени промени, особено големите вредносни промени преставуваат ризик за појава на корупција.

- Број на постапки во кои проценетата вредност содржана во одлуката не се објавува во огласот, при што договорот се доделува во континуитет на исти економски оператор

Ова може да биде добар индикатор за коруптивни дејствија, бидејќи договорниот орган се одлучува да не ја објави проценетата вредност, но истата „станува достапна" само на еден економски оператор чија што цена е единствена во рамките на обезбедените средства и поради тоа му се доделува договорот.

- Процент на склучени договори во кои не се наведени начинот на контрола на реализацијата и не е назначено лице за контрола на реализацијата

Обврската договорниот орган да ја контролира реализацијата на договорот произлегува од чл.117 став (2) од ЗЈН. Евентуалното отсуство на вакви одредби во договорот или во посебна одлука на одговорното лице на договорниот орган, може да биде индиција дека договорниот орган не сака да се контролира реализацијата и со тоа да се отвори простор за коруптивни дејствија.

- Променети одлуки за јавна набавка пред донесување одлука за избор поради промена на проценетата вредност по основ на дообезбедени средства кај исти предмети на набавки

Ако често се менува одлуката и се дообезбедуваат средства, особено за едни исти предмети на набавки кои им се доделуваат на исти економски оператори, кои поради „сплет на околности" биле единствени со прифатлива понуда, тоа е индикатор за ризик за одлевање средства кај фаворизиран економски оператор.

- Спроведени постапки со преговарање без објавување оглас по основ на крајна итност или по основ дека набавката може да ја изврши само еден економски оператор во однос на вкупниот број спроведени постапки и вредноста на таквите склучени договор како процент во вкупната вредност на сите склучени договори

Иако за спроведување на оваа постапка по овие два основи му е потребно мислење од БЈН, а само во исклучителни ситуации може да прибегне кон ваква постапка и без мислење од БЈН, сепак секогаш ваквата постапка, по дефиниција нетранспарентна, отвора можност за корупција.

- Процент на прифатени жалби по однос на вкупниот број на спроведени постапки

Иако начелно овој индикатор укажува на лошо спроведување и пропусти во постапката, сепак ако се констатирани битни повреди во постапката, тие може да се индиција и за можна корупција.

- **Постапки за вработување**

Главни елементи, односно причини кои претставуваат ризик за појава на корупција во постапките за вработување се:

- Непотизам,
- Кронизам и
- Дискрециони овластувања

Друштвото БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје со цел почитување на начелото на јавност и транспарентност во постапките за вработување, не врши вработувања на определено време на лица преку Агенции за привремени вработувања.
Вработувањата се вршат преку објавување на Јавен оглас за вработување, почитувајќи ги притоа сите законски одредби.
Како ризици кои се јавуваат во постапките за вработување се можноста за постоење на непотизам, кронизам, како и дискреционите овластувања на управителот кој одлучува за изборот на кандидат од листата на понудени кандидати.

- **Постапки за преземање на финансиски обврски и финансиска дисциплина**

Цел на финансиско управување и контрола е подобрување на финансиското управување заради постигнување на следните цели:

- вршење на работите на правилен, етички, економичен, ефективен и ефикасен начин,
- усогласување на работењето со Законите, другите прописи, плановите и постапките и
- заштита на имотот и другите ресурси.

**3. Воспоставување на алатки и контролни механизми за надминување на детектираните ризични области**

- постапки за јавни набавки (навремено изготвување на план за јавни набавки и навремено спроведување на истиот согласно потребите, почитување на основните принципи обезбедени со Законот за јавни набавки, воспоставен систем на високо ниво на внатрешни контроли, во постапката се вклучени сите раководни функции во Друштвото, определени се лица за следење на јавните набавки, вработените се упатуваат на обуки поврзани со јавните набавки, интерни процедури за спроведување на постапки за јавни набавки и реализација на договори јавно објавени на веб страна, ангажирање на друштва за ревизија).

- постапки за вработување (почитување на законски одредби за спроведување на постапка за вработување, мониторинг врз постапката за вработување, почитување на рокови и процедура за вработување, систематизација на работни места врз основ на дефинирани критериуми за секое работно место со определен вид на образование, број на години на работно искуство, степен на образование и потребно искуство во струката, правилник за воспоставување на објективни критериуми за вработување, јасно утврдена процедура за вработување, ангажирање на друштва за ревизија).

- постапки за преземање на финансиски обврски и финансиска дисциплина (постапување согласно законски обврски, воведен систем за мониторинг и внатрешни контроли, ефикасно и ефективно вршење на контрола на финансиска документација од материјално финансиски аспект, совпаѓање на финансиското работење на секторот за финансии и сметководството, контрола на материјални евиденции, ангажирање на друштва за ревизија).

**4. Јакнење на капацитетите на институциите со особен акцент на јакнење на интегритетот на вработените**

Вработените во Друштвото БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје се очекува да дејствуваат во рамките на следните стандарди:

- не смеат да бараат финансиска или друга корист за Друштвото или за себе лично преку дела на корупција и мито;

- не смеат да примаат финансиска или друга корист за Друштвото или за себе лично која би значела корупција или мито;
- не смеат да бидат вклучени во било каков облик, во активност или дело кое што претставува кривично дело;
- имаат обврска да ги пријават сите сомнителни однесувања од страна на било кој вработен во Друштвото;
- не смеат да се служат со измама или друго несовесно или неморално однесување и
- мора да работат во согласност со законските прописи кои ги вклучуваат Кривичниот Законик, Законот за спречување на судир на интереси, Законот за спречување на корупцијата, Законот за заштита на укажувачите и подзаконските акти донесени врз основа на нив, како и другите позитивноправни прописи, а да дејствуваат и согласно најдобрите деловни практики и највисоките професионални стандарди.

Друштвото БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје им обезбедува можности на вработените, корисниците на услугите на Спортскиот Центар и другите лица за заштитено внатрешно пријавување и истото има назначено лице за заштитено внатрешно и надворешно пријавување.

Заштитено пријавување е пријавување со кое се пренесува разумно сомневање или сознание дека е извршено, се извршува или е веројатно дека ќе се изврши казниво или друго незаконито или недозволиво постапување со кое се повредува или загрозува јавниот интерес.
Се забранува откривање или овозможување откривање на идентитет на укажувач, освен кога тоа се бара со судска одлука.

Овластеното лице за прием на пријави од укажувачи е должно да ги заштити податоците за пријавувачот, односно податоците врз основа на кои може да се открие идентитетот на пријавувачот, освен ако пријавувачот се согласи на откривање, согласно Законот.
За прекршување на стандардите за интегритет се поведуваат дисциплински, прекршочни или кривични постапки за утврдување на одговорност во согласност со Закон.

**5. Навремено постапување во врска со остварување на потребните услуги кон правните и физичките лица**

Друштвото БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје ги презема сите активности согласно законски утврдените надлежности.

**6. Почитување на законските прописи и Кодексот за етичко однесување на носителите на јавни функции именувани од страна на Владата на Република Северна Македонија**

Раководните лица во Друштвото, како и вработените во истото во целост ги почитуваат законските прописи како и Кодексот за етичко однесување на носителите на јавни функции именувани од страна на Владата на Република Северна Македонија.
Доколку постои определено отстапување од пропишаните правила и норми истите подлежат на соодветна одговорност.

**7. Зајакнување на довербата на граѓаните кон институциите и мотивирање да пријават корупција**

Друштвото со цел зајакнување на довербата воспостави систем за намалување на нивото на корупција, подобрување на интегритетот, транспарентноста и отчетноста со што ќе се овозможи јавноста да има повисока доверба во работата на Друштвото.

На ден 29.01.2015 година донесе решение за назначување на лице кое известува за неправилности и сомнежи за измами или корупција (арх.бр.4/170-386 од 29.01.2015 година), а на ден 31.05.2016 година донесе Одлука за назначување на овластено лице за прием на пријави од укажувачи (арх.бр.01-450/1 од 31.05.2016 година).

Наведените лица се јавно објавени на веб страната на Друштвото и истите редовно доставуваат извештаи до Државна комисија за спречување на корупција и до Единицата во управата за финансиска полиција.

**8. Зајакната контрола и надзор на јавни набавки**

Постапките за јавни набавки во целост се спроведуваат преку Електронскиот систем за јавни набавки и истите се транспарентни, како и јавно достапни за јавноста. Договорите се објавуваат на веб страната на Друштвото.

**9. Зајакнување на меѓуинституционалната соработка и соработка во борбата против корупцијата преку платформата Интеробребилност**

Платформата за интероперабилност овозможува електронска размена на податоци и документи помеѓу институциите/компниите на стандардизиран, безбеден и унифициран начин. Размената на податоци помеѓу две институции се одвива според дефинирани стандарди за безбедност, заштита, формат и структура на податоците.
Непречениот проток на информации преку платформата за интероперабилност, го намалува времето потребно за пренос на информациите помеѓу институции, со што се олеснува протокот на електронски информации кои се потребни за обезбедување на јавни услуги прилагодени на потребите на граѓаните и бизнисите. Ваквата размена на податоци ја зголемува ефикасноста при работењето и го зголемува задоволството од услугите кои им се нудат.
Платформата за интероперабилност е базирана на Националната рамка за интероперабилност која ги следи европските начела за интероперабилност. Националната рамка за интероперабилност ги покрива сите аспекти на интероперабилноста: правна, организациска, семантичка и техничка.

Генерални придобивки од размената на податоци преку платформата за интероперабилност:

- Основна инфраструктура за понатамошна дигитализација и развој на е-услуги кои државата ги нуди на граѓаните и бизнисите;
- Електронска, стандардизирана и сигурна размена на документи и податоци помеѓу институциите/компаниите;
- Брза и ефикасна комуникација помеѓу институциите/компаниите со што се зголемува ефикасноста при спроведувањето на постапките;
- Зголемена ефикасност и ефективност во работењето на органите на државната администрација и на компаниите;
- Побрз и полесен пристап на компаниите до податоците кои ги бараат од институциите;
- Зголемен квалитет на владините електронски услуги;
- Намалено време за добивање на услуги.

Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје во иднина ќе пристапи кон приклучување на Платформата за интероперабилност базирана на Националната рамка за интероперабилност која ги следи европските начела за интероперабилност.

**10. Јакнење на алатките за отчетност и транспарентност во работењето на Друштвото БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје**

- На ден 31.05.2016 година донесен е правилник за заштитено внатрешно и надворешно пријавување во Друштвото БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје (арх.бр.01-450/1 од 31.05.2016 година);
- На ден 31.05.2016 година донесена е Одлука за назначување на овластено лице за прием на пријави од укажувачи во Друштвото БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје (арх.бр.01-450/1 од 31.05.2016 година);
- На ден 22.06.2016 година до Државната комисија за спречување на корупција доставени се податоци за овластено лице за прием на пријави доставени заради заштитено внатрешно пријавување во (арх.бр.01-450/3 од 22.06.2016 година);
- На ден 01.07.2016 година до Државната комисија за спречување на корупција доставен е полугодишен извештај за примени пријави од укажувачи (арх.бр.01-450/5 од 01.07.2016 година);
- На ден 30.12.2016 година до Државната комисија за спречување на корупција доставен е полугодишен извештај за примени пријави од укажувачи (арх.бр.01-450/7 од 30.12.2016 година);
- На ден 30.06.2017 година до Државната комисија за спречување на корупција доставен е полугодишен извештај за примени пријави од укажувачи (арх.бр.01-503/1 од 30.06.2017 година);

- На ден 29.12.2017 година до Државната комисија за спречување на корупција доставен е полугодишен извештај за примени пријави од укажувачи (арх.бр.01-503/1 од 29.12.2017 година);
- На ден 29.06.2018 година до Државната комисија за спречување на корупција доставен е полугодишен извештај за примени пријави од укажувачи (арх.бр.01-731/1 од 29.06.2018 година);
- На ден 28.12.2018 година до Државната комисија за спречување на корупција доставен е полугодишен извештај за примени пријави од укажувачи (арх.бр.01-1251/1 од 28.12.2018 година);
- На ден 28.06.2019 година до Државната комисија за спречување на корупција доставен е полугодишен извештај за примени пријави од укажувачи (арх.бр.01-575/1 од 28.06.2019 година);
- На ден 30.12.2019 година до Државната комисија за спречување на корупција доставен е полугодишен извештај за примени пријави од укажувачи (арх.бр.01-1140/1 од 30.12.2019 година);
- На ден 30.06.2020 година до Државната комисија за спречување на корупција доставен е полугодишен извештај за примени пријави од укажувачи (арх.бр.08-475/1 од 30.06.2020 година);
- На ден 30.12.2020 година до Државната комисија за спречување на корупција доставен е полугодишен извештај за примени пријави од укажувачи (арх.бр.08-981/1 од 30.12.2020 година);
- На ден 29.01.2015 година донесено е решение за назначување на лице кое известува за неправилности и сомнежи за измами или корупција (арх.бр.4/170-386 од 29.01.2015 година);
- На ден 29.01.2015 година до Министерството за финансии – сектор за јавна внатрешна финансиска контрола доставено е решение за назначување на лице кое известува за неправилности и сомнежи за измами или корупција (арх.бр.5/268-389 од 29.01.2015 година);
- Лицето задолжено за неправилности во Друштвото БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје почнувајќи од 29.01.2015 година доставува квартални Извештаи за сите неправилности и сомнежи за измами и корупција при користење на јавните средства до Единицата во Управата за финансиска полиција;
- Друштвото БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје на ден 20.01.2015 година донесе Стратегија за управување со ризици (арх.бр.4/120-203 од 20.01.2015 година) и Извештај за управување со ризици (арх.бр.03-84/1 од 27.01.2016 година);
- Друштвото БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје на ден 19.04.2018 година донесе ажурирана Стратегија за управување со ризици (арх.бр.03-494/1 од 19.04.2018 година) и Извештај за управување со ризици (арх.бр.03-551/1 од 14.07.2017 година) и
- Друштвото континуирано спроведува постапка за јавна набавка на ревизорски услуги.

- Друштвото БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје интерните процедури за спроведувањето на постапките за јавни набавки и реализација на договори јавно ги објавува на својата веб страна;
- Друштвото БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје овластеното лице за прием на пријави доставени заради заштитено внатрешно пријавување го објави јавно на својата веб страна;
- Друштвото БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје континуирано до Државната комисија за спречување на корупција да доставува полугодишни извештаи за примени пријави од укажувачи;
- Друштвото БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје континуирано до Единицата во Управата за финансиска полиција да доставува квартални Извештаи за сите неправилности и сомнежи за измами и корупција при користење на јавните средства;
- Друштвото БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје континуирано ќе спроведува постапка за јавна набавка на ревизорски услуги;
- Во тек е изработка на нова ажурирана Стратегија за управување со ризици врз основа на која ќе биде изработен нов Извештај за управување со ризици на Друштвото БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје;
- Друштвото БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје спроведува тренинзи за своите вработени со цел нивна обука за запознавање со механизмите за справување со корупција и запознавање со нивните обврски во таквите околности.

- Целта на тренинзите е вработените во Друштвото:

1. да се запознаат со соодветните законски прописи, особено прописите за заштита на укажувачи;
2. да може да ги идентификуваат знаците на корупција и мито;
3. да може да преземат дејствија со цел да избегнат и спречат мито и корупција и
4. да се запознаат со етичките правила за постапување на работното место.

- Друштвото БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје континуирано ќе ги применува механизмите за остварување на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер и
- Годишниот план за спречување на корупција на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје ќе биде јавно објавен на Огласната табла во службените простории на Друштвото, а се со цел за вработените во Друштвото подобро да се запознаат со механизмите за справување со корупција и нивните обврски во таквите околности.

Скопје, 05.05.2021 година

БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје
управител
Александар Петровски

Изработил: Оливер Китаноски
Одобрил: Роберта Тевова
Согласен: Рената Стоилковска